29077

ВЕЧЕР ☆ 7 јули 1982 година ,5908, 11,

УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА

СКОПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО: УМЕТНОСТА ПОДАЛЕКУ ОД ГАЛЕРИЈАТА

# ВРСКАТА МЕЃУ ПРИРОДАТА И ЧОВЕКОТ

● **РАЗГОВОР СО МАРКО ПОГАЧНИК, ПРВИОТ УЧЕСНИК НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ПРОСТОРОТ", ШТО ЈА ОРГАНИЗИРА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ**

**Во Музејот на современата уметност во Скопје почна манифестацијата „Интервенции во просторот", со што оваа културна институција се вклучи во „Скопското културно лето". Прв учесник е МАРКО ПОГАЧНИК, самостоен академски вајар од Шемпас (СР Словенија), поранешен член на концептуалната група „Охо" од Крањ.**

Неговите интервенции во просторот ќе се одвиваат околу зградата на Музејот, со поставување и обликување на 12 камења, што ќе ја претставуваат органската врска меѓу природата, човекот и градот. Точките (котите) каде што ќе бидат поставени камењата се воедно и места каде што се обновуваат и дополнуваат врските меѓу изворите на животот што ги дава природата: земјата, човекот и градот.

● **УМЕТНОСТА ВО ПРИРОДАТА**

При нашата средба со уметникот од Шемпас поведовме разговор и го замоливме да ни каже нешто повеќе за неговите интервенции:

**— Најнапред сакам да ја искажам својата благодарност кон Музејот на современата уметност — првата културна институција од овој дел на земјата, која се заинтересира за мојата работа — вели Погачник. — Ова ми е второ гостување во Скопје. Првото беше во 1975 година, кога во рамките на биеналето од Белград, беа изложени моите скулптури изработени до природна материја— волна, железо, дрво и глина. Моите уметнички преокупации се сврзани со тенденцијата — уметноста да ја сместам надвор, подалеку од галериите, на улица, меѓу луѓето. Зашто, само така може да се обнови сликата на почетната врска меѓу природата и човекот, а уметноста да стане мост меѓу нив.**

— За вашата најнова интервенција во просторот го одбравте каменот?

**— Каменот има своја кристална структура и кога тој е поставен на вистинско место, го влече изворот од почвата, воспоставувајќи канал со животот на земјата. И кога човекот доаѓа во допир со природата, тогаш обликуваниот камен ја претставува спојната врска меѓу земјата и човекот.**

● **УБАВИНИТЕ — В СЕЛО**

— Колку вашата работа е призната и ценета во Словенија?

— За жал морам да признаам дека во Љубљана и Загреб не се заинтересирани за она што го работам. Додека постоеше групата „Охо", што работеше на концептуалната уметност како најапстрактна фаза во модерната уметност, сè беше добро. Но, сега не е така. Затоа, јас веќе неколку години работам во селото Шемпас, на југот на Словеначкото Приморје, каде покрај мојата уметничка работа, со семејството ја обработуваме земјата и го одгледуваме она што ни е потребно.

● **Каде ја обавувате вашата уметничка работа?**

**— Во селата на Словеначкото Приморје, околу Толмин, Нова Горица, Ајдовшчина. Таму ги создадов споменците (вкупно 11) посветени на Народноослободителната војна, кои се поставени исклучиво во природа. Посебно задоволство ми претставува работата на село, кога жителите колективно учествуваат во работите околу поставката на споменикот. Во селото може најмногу да се обнови спојната врска меѓу уметноста, човекот и природата, што во градот не е случај.**

Марко Погачник во Скопје ќе престојува до петок и ќе работи околу зградата на Музејот. Во попладневните часови ќе одржува предавања, објаснувајќи ја интервенцијата на која работел во текот на денот.

**Д. Марковска**